| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Птиците во селскиот двор |
| **Содржина на денот** | Велигденски обичаи |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики во домот, градинката и поширокота околина.<br>Пред да се приготвува разновидна храна во кујната мора да се оддржува хигиена, да се измијат рацете, добро да се дезинфицираат. |
| **Активност** | Велигден е најголемиот христијански празник кој го величи Христовото воскресение. Овој празник уште се нарекува Воскресение.<br>Во различни земји овој христијански празник се слави на различни начини и со различни обичаи.<br>Кај нас на Велики Четврток се вапцуваат првите три јајца во црвена боја.Обично малите деца се милуваат со една црвено јајце кажувајќи им ги зборовите:„Црвено, бело, здраво, дебело”. Исто така постои обичај  децата да се бањаат со првото вапцано јајце кое е исфарбано на Велики Четврток. Овој обичај се прави на Велика Сабота. Се верува дека овој ритуал ќе им донесе здравје и среќа на децата.<br>Вапцањето на велигденски јајца може да биде доста интересен чин на децата. Претходно смислете која техника ќе ја применувате и како ќе ги декорирате велигденските јајца. Можете да изработите разни украси и кошнички за велигденските јајца.<br>Јајцето е симбол на животот, зачетокот, затоа се поврзува со Христовото Воскресение.<br>На Векигден, рано наутро луѓето одат во црква на утринска миса.Детето треба да знае дека таму треба да се однесува културно и пристојно.<br>На овој празник во некои земји обичај е велигденските јајца да се кријат во |

| | |
|---|---|
| | куќата или во дворот, така што децата ги бараат скриените јајца.<br>Кај нас кршењето јајца е стар обичај кој предизвикува радост не само кај децата туку и кај возрасните. Всушност обичаите и верувањата се различни, но во тоа е убавината на културите и традициите.<br>Децата треба да знаат дека некои деца од муслиманската вероисповед го слават Бајрам и тој празник е исто толку значаен колку и Велигден.Разликата е во тоа што на Бајрам луѓето одат во џамија наместо во црква и даваат баклава наместо велигденско јајце.<br>Суштината е во тоа што сите сме исти без разлика на верата, сите веруваме во неповторливиот Бог!<br>Во прилог следува една убава детска песна  во исполнение на Благој Арсов од фестифалот за детски песни:Супер Ѕвезда.<br>https://youtu.be/14VpxwTZG20 |